Врз основа на чл. 8 од Правилникот за натпреварување на Одбојкарската федерација на Македонија, Извршниот Одбор на ОФМ (ИО на ОФМ), на состанокот одржан на 03.09.2025 година во Скопје, донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ
## *на Лиги на ОФМ за 2025/2026 година*

### Член 1.

Организацијата и реализацијата на натпреварите во лигите на Одбојкарската федерација на Македонија (ОФМ) во натпреварувачкиот циклус 2025/2026 година се реализира врз основа на:

- Правилникот за натпреварување на ОФМ;
- Правилникот за регистрација на основни организации и членови на ОФМ;
- Меѓународните правила на одбојкарската игра;
- Дисциплинскиот правилник на ОФМ;
- Овие Пропозиции; и
- Останатите позитивни прописи на ОФМ.

### Член 2.

**I ранг : Прва лига – Жени брои минимум 6 (шест) а максимум 14 (четиринаесет) екипи – учеснички;**

**II ранг : Втора лига – Жени брои минимум 5 (пет) а максимум 14 (четиринаесет) екипи – учеснички;**

**I ранг : Прва лига – Мажи брои минимум 5 (пет) а максимум 11 (единаесет) екипи – учеснички;**

**II ранг : Втора лига – Мажи брои минимум 4 (четири) а максимум 10 (десет) екипи – учеснички.**

**Натпреварувањето во лигите на ОФМ, жени и мажи, се спроведува на следниот начин:**

## ПРВА ЛИГА - ЖЕНИ

**Првата лига – Жени, во натпреварувачката 2025/2026 година,** брои **10 (десет) екипи.**

1. **ОК Јанта волеј-КВ – Скопје;**
2. **ОК Работнички Скопје – Скопје;**
3. **ОК Струмица Жени – Струмица;**
4. **ОК Наковски Волеј – Струмица;**
5. **ОК Младост УГД – Штип;**
6. **ОК Фит Фан волеј – Скопје;**
7. **ЖОК Вардар ЕМ – Скопје;**
8. **ОК Ускана волеј – Кичево;**
9. **ОК Газели волеј - Скопје;**
10. **ОК Пелистер волеј - Битола.**

Натпреварувањето се спроведува во два дела: **ЛИГА и ЗАВРШЕН ДЕЛ.** Завршен дел подразбира: **PLAY-OFF.**

Лигата се игра  по двокружен бод систем (18 кола, 18 натпревари) по ″BERGER″, врз основа на натпреварувачките броеви на екипите, добиени при ждребувањето. По завршување на лига разигрувањето, се добива табела со пласман на екипите од 1во до 10то место.

***ЗАВРШЕН ДЕЛ:* PLAY OFF** за Шампион се игра на следниот начин:

**Четвртфинале:** Екипите пласирани од 1во до 8мо место разигуваат во PLAY OFF така што вкрстуваат на следниот начин: 1-8, 2-7, 3-6 и 4-5 пласирана екипа. Се играат два натпревара, (дома-гости) така што првиот натпревар се игра на терен на послабо пласираната екипа. Во случај на нерешен резултат во победи и идентичен сет количник, се игра Златен сет со тај брек до 15 освоени поени, со разлика од 2 поени.

**Полуфинале:** Се сретнуваат 4-те екипи-победнички од PLAY OFF разигрувањата, (1-во и 4-то) и (2-ро и 3-то) пласирана екипа. Натпреварите се играат во 2 (две) добиени средби, каде 1-та и евентуално 3-та средба се играат кај подобро пласираната екипа, а 2-та средба кај послабо пласирана екипа од лигата.

**Финале:** Се состануваат победничките екипи од полуфиналните серии на разигрувањето PLAY-OFF. Екипите финалисти, стартуваат без предност, односно 0:0 во победи, во серијата до 3 (три) добиени натпревари во наизменичен систем дома-гости. Првиот натпревар се игра на теренот кај победникот од двојката 1-4 од полуфиналните натпревари.

Екипата пласирана на 9то место, игра Бараж натпревар, (дома-гости), за опстанок во Прва лига-жени, со 2ро пласираната екипа од Втора лига-жени, додека 10то пласираната екипа следната натпреварувачка година ќе се натпреварува во Втора лига-жени.

По завршувањето на бараж натпреварот се добива конечна табела со пласман на екипите од 1во до 10то место за натпреварувачката 2026/2027 година.

## ВТОРА ЛИГА - ЖЕНИ

**Втората лига – Жени, во натпреварувачката 2025/2026 година, брои 13 (тринаесет) екипи.**

1. **ОК Универзитет во Тетово – Тетово;**
2. **ОК Македонија Макс – Струмица;**
3. **ЖОК Вардар жени 2019– Скопје;**
4. **ОК Виктори Волеј – Струмица;**
5. **ОК Бами Кор – Тетово;**
6. **ОК Форца Волеј Ема – Скопје;**
7. **ЖОК Куманово – Куманово;**
8. **ОК Фламинго Волеј – Скопје;**
9. **ОК Јанта волеј БУТ 2024 - Скопје;**
10. **ЖОК Ново Село - Ново Село;**
11. **ОК Виола волеј - Велес;**
12. **ОК Шкупи - Скопје;**
13. **ГОК Борец - Велес.**

Натпреварувањето се спроведува со двокружен систем-**ЛИГА.**

Во лига системот екипите разигрууваат по двокружен бод систем (26 кола, 24 натпревари) по „BERGER“, врз основа на натпреварувачките броеви на екипите,

добиени при ждребувањето. По завршувањето на лига разигрувањето, се добива табела со пласман на екипите од 1во до 13то место.

1-во пласираната екипа директно се квалификува во Прва лига – Жени, во следната натпреварувачка сезона, додека 2-ро пласираната екипа игра бараж натпревар, (дома-гости), за влез во Прва лига – Жени, со 9-то пласираната екипа од Прва лига – Жени.

Следната натпреварувачка сезона, 2026/2027 година, Прва лига-жени ќе брои 10 (десет) екипи (доколку бројот на пријавени екипи-учеснички е 15 и повеќе)

Во натпреварувачка година со пријавено помалку од 15 екипи-учеснички, ќе има само I ранг на натпреварување : Прва лига - Жени.

## ПРВА ЛИГА - МАЖИ

**Првата лига – Мажи, во натпреварувачката 2025/2026 година,** брои **12 (дванаесет) екипи.**

**1. ОК Струмица 47&72 – Струмица;**
**2. ОК Универзитет во Тетово – Тетово;**
**3. ГОК Борец – Велес;**
**4. ОК Шкендија – Тетово;**
**5. ОК Лирија – с.Жеровјане;**
**6. ОК Штип УГД-Штип – Штип;**
**7. ОК Весна Пробиштип – Пробиштип;**
**8. ОК Работнички 71&22 – Скопје;**
**9.ОК Сушево 1978 – Василево;**
**10.ОК Македонија ЏИО – Струмица;**
**11.ОК Јанта Волеј – Скопје;**
**12.ОК Скопје - Скопје.**

Натпреварувањето се спроведува во два круга: **ЛИГА и ЗАВРШЕН ДЕЛ.**

***ЛИГАТА*** се игра во **Две фази**.

**Прва фаза**. Во есенскиот дел од сезоната, екипите разигрувааат по еднокружен бод систем (11 кола, 11 натпревари) по ″BERGER″, врз основа на натпреварувачките броеви на екипите, добиени при ждребувањето. По завршувањето на есенскиот дел од сезоната, се добива табела со пласман на екипите од 1во до 12то место.

**PLAY OFF-разигрувања.** Првите 6 екипи од табелата, ги пренесуваат бодовите од есенскиот дел и играат по двокружен бод систем (1 натпревар дома, 1 натпревари во гости, 10 кола, 10 натпревари).

По завршувањето на натпреварите од Play off разигрувањето, се добива табела со пласман на екипите од 1 до 6 место. Екипите пласирани на 5-то и 6-то место завршуваат со натпреварувањето, а првите четири екипи продолжуваат со полуфиналните натпревари во Play off.

**PLAY OUT-разигрувања.** Екипите пласирани од 7-мо до 12-то место, ги пренесуваат бодовите од есенскиот дел, и играат по двокружен бод систем (1 натпревар дома, 1 натпревар во гости, 10 кола, 10 натпревари).

По завршувањето на Play out разигрувањата, се добива табела со пласман на екипите од 7мо до 12то место.

***ЗАВРШЕН ДЕЛ*** , за Шампион, се игра на следниот начин:

**Полуфинале:** Се сретнуваат првите 4 (четири) екипи од **Play off разигрувањето**, 1-во и 4-то и 2-ро и 3-то пласирана екипа. Натпреварите се играат во 2 (две) добиени средби, каде 1-та и евентуално 3-та средба се играат кај подобро пласираната екипа, а 2-та средба кај послабо пласирана екипа од лигата.

**Финале:** Се состануваат победничките екипи од полуфиналните серии на разигрувањето Play off. Екипите финалисти, стартуваат без предност, односно 0:0 во победи, во серијата до 3 (три) добиени натпревари во наизменичен систем дома-гости. Првиот натпревар се игра на теренот кај победникот од двојката 1-4 од полуфиналните натпревари.

Следната натпреварувачка сезона, 2026/2027, натпреварувањето ќе има I ранг: Прва лига - Мажи, која ќе брои 8 (осум) екипи согласно пласманот во претходната натпреварувачка година. Доколку бројот на пријавени екипи дозволува формирање на Втора лига во машка конкуренција, ќе биде формиран II ранг: Втора лига - Мажи, со екипите коишто завршија со пласман на 9то место надоле и новопријавените екипи.

Во натпреварувачка година со пријавено помалку од 12 екипи-учеснички, ќе има само I ранг на натпреварување : Прва лига - мажи.

## ЕВРО КУПОВИ И БВА КУП

Првопласираната екипа се стекнува со право за учество во ЦЕВ Европски купови, во зависност од одлуките на надлежната Комисија на **CEV**, која објавува сопствена ранг листа пред почеток на секоја Евро сезона. Во случај, ако првопласираната екипа го откаже настапот во CEV натпреварувањето, предност за учество има победникот на Купот, а потоа второпласираната екипа од првенството или финалистот на Купот.

### Член 3.

Доколку некоја од Екипите од лигите се откаже од натпреварувањето, до определениот рок од страна на Комесарот за натпреварување, Лигата ќе се дополни со новопријавена екипа, или ќе се намали бројот на екипите од Лигите.
Во случај на прекин на првенството, прваците на лигите ќе се прогласат врз основа на постигнатите резултати доколку се одиграни 60% од предвидените натпревари.

### Член 4.

На натпреварите од лигите на ОФМ секој клуб-домаќин го собира приходот (билети и рекламни паноа) и ги подмирува трошоците за службените лица и за организација на натпреварите.

Клубот-домаќин е технички организатор на натпреварот, одговорен за севкупна организација пред, за време и после завршување на натпреварот.

### Член 5.

Вкупниот број на бодови коишто ги освојуваат екипите на еден натпревар е **3 (три).**

- За резултат **3:0** и **3:1** победничката екипа добива **3 (три)** бода, а поразената екипа **0 (нула)** бодови;
- За резултат **3:2**, победничката екипа добива **2 (два)** бода, а поразената **1 (еден)** бод.

Пласманот се определува врз основа на бројот на постигнати победи. Во случај на ист број на остварени победи, пласманот на екипата го одлучува поголемиот број освоени бодови. Доколку повеќе екипи имаат ист број освоени бодови, пласманот го одлучува подобриот сет-количник, односно подобриот поен-количник, доколку и сет-количникот е идентичен.

Во случај на регистрација на натпревар со службен резултат, сакционираниот клуб автоматски се казнува со одземање **1 (еден) бод**.

Во сите категории натпреварите се играат без технички тајм-аути.

## Член 6.

Натпреварувањето во лигите на ОФМ, во сите фази, го спроведува надлежното тело - **Комесарот за натпреварување на ОФМ.** Негови должности се:

- Го следи спроведувањето на усвоениот систем на натпреварување и дава предлози за негови промени и дополнувања,
- Ги регистрира натпреварите;
- Решава за приговори од екипите во прв степен;
- Подготвува предлог Календар за натпреварување;
- Одобрува промена на термини (време на почеток) и сали за одигрување на натпреварите (по потреба, во согласност со екипите);
- Издава редовни информативни Билтени коишто содржат: резултати, табели, делегирања на службени лица, одлуки и информации за екипите, и ги објавува на WEB страницата на ОФМ **(www.vfmkd.org.mk)**;
- Пропишува Пропозиции за Куп на Македонија;
- Пропишува Пропозиции за натпревари во млади категории;
- Пропишува Упатства за работа на делегатите-контролори и за организација на натпреварите од Првите лиги на ОФМ;
- Одлучува за термините на играње на лигашките натпревари на учесниците во меѓународните натпревари (еврокупови и др.);
- Соработува во делегирањето на делегатите-контролори и на судиите;
- Делегира "Посебни набљудувачи" за одредени натпревари;
- Донесува одлуки за опомени, парични казни и суспензии на екипи, сали, членови на екипите и другите учесници во натпреварувањето;
- Во соработка со ПСО на ОФМ донесува одлуки за казни на судиите и делегатите-контролори за направени грешки, коишто се однесуваат на непочитување на Пропозициите за натпреварување и другите нормативни акти на ОФМ;
- Прибира докази за извршени дисциплински престапи на учесниците во натпреварувањето и поднесува барање за поведување постапка пред надлежната Дисциплинска комисија на ОФМ;
- Ги решава сите прашања од натпреварувачка проблематика, а коишто не се предвидени со овие Пропозиции и не се во спротивност со одредбите од правилниците на ОФМ;
- Подготвува и дистрибуира материјали за потребите на:
  - ИО на ОФМ;
  - Тренерската и на Судиската организација на ОФМ;
- Соработува со работните тела на ИО на ОФМ,
- Врши други работи согласно Статутот на ОФМ и сите акти на ОФМ.
- Поднесува извештај на ИО и Собранието на ОФМ.

## Член 7.

Екипите коишто стекнале право на учество во натпреварувањето се должни да поднесат **Пријавни формулари (ПН-01)** за учество во лигата, во определениот рок.

Екипите коишто за првпат пријавуваат учество во кое било натпреварување во организација на ОФМ, сениорска лига и/или млади категории, тоа треба да го направат **најдоцна до 01 Јули,** така што покрај Барање до ИО на ОФМ за учество во соодветното натпреварување, треба да достават комплетна документација (Централен регистар и Министерство за спорт), за да се стекнат со право за учество во натпреварувањето.

Екипите коишто се натпреваруваат во Првите лиги-мажи и жени, задолжително треба да пријават најмалку по една екипа во младинските категории и тоа треба да го направат во категоријата во којашто се натпреваруваат во сениорската лига (на пример: доколку екипата се натпреварува во сениорската лига - мажи, треба да пријави екипа во млади категории – мажи и обратно). Во спротивно, треба да се доплати котизација за пријавената екипа во износ од **25.000 ден.**

Екипите **се должни да ги подмират сите заостанати долгови, во пропишаниот рок, да уплатат котизација за натпреварување**, којашто влегува во Фондот за заеднички трошоци за организација и спроведување на натпреварувањето, по што ќе се изврши ждребување на натпреварувачките броеви на екипите. **Екипата што нема да изврши уплата на постоечките долгови и на котизацијата нема да учествува во ждребувањето и по автоматизам се суспендира.**

Вредноста на котизацијата ја одредува ИО на ОФМ.

## Член 8.

Клубот-домаќин е должен писмено (електронска пошта) да го извести Комесарот за натпреварување и противничката екипа за терминот на одигрување на натпреварот, најдоцна **5 дена** пред одигрувањето на натпреварот и за основната боја на дресовите во кои ќе настапи на натпреварот.

Промена на закажаниот термин за одигрување на натпреварот може да се изврши само доколку навремено се најави кај Комесарот за натпреварување, биде одобрена и не е на штета на другите екипи, како и доколку за истата постои согласност на двете екипи. Во спротивно, натпреварот ќе се одигра во претходно утврдениот термин согласно Календарот за натпреварување.

Одложувањето на натпреварот се врши исклучиво со пријава на новиот термин на одигрување на одложениот натпревар.

## Член 9.

Натпреварите од Првата лига - мажи и жени, како и Втора лига - жени се играат во сабота, а одредени натпревари од првенството ќе се играат во понеделник доколку е обезбеден пренос од МРТ.

Некои натпревари од редовните кола, согласно Календарот за натпреварување, натпреварите во завршниот дел од првенството-PLAY OFF, како и од Купот на ОФМ, ќе се играат и во работни денови,(вторник,среда или четврток), според одлука на Комесарот за натпреварување.

## Член 10.

Натпреварите во лигите на ОФМ се играат врз основа на Меѓународните одбојкарски правила, а се реализираат согласно Упатството за организација на натпревари, кое го пропишува Комесарот за натпреварување на ОФМ.

## Член 11.

Натпреварите може да се играат само во сали кои се регистрирани и категоризирани од страна на Комесарот за натпреварување на ОФМ или пак резервни сали, кои однапред ќе бидат пријавени, регистрирани и категоризирани од ОФМ.

Клубот-домаќин е должен да го закаже натпреварот во сала, односно една од пријавените сали за натпреварување, која ги исполнува условите од став 1 на овој член, освен во случај на суспензија на салата, согласно член 6 од Анексот на овие Пропозиции.

Во случај на виша сила или посебни интереси на одбојкарскиот спорт, Комесарот за натпреварување може, со посебно Решение, да одобри закажување на натпревар во сала која не е пријавена од страна на Клубот-домаќин, ако ги исполнува условите од став 1 на овој член.

Натпреварите од сениорските лиги на ОФМ може да се играат во сали коишто имаат најмалку 200 места за седење, во лига фазата, Прва фаза и Play out натпреварите (сала со несоодветни димензии), а натпреварите од Play off

разигрувањата, четвртфинални, полуфинални и финалиња, како и финале на Куп, мора да се играат во сала којашто има најмалку 300 места за седење.

Во сите фази на натпреварување салата мора да обезбедува услови за реализација на ТВ пренос.

**Член 12.**

Доколку благовремено е договорен директен ТВ пренос на некој натпревар од одбојкарските лиги, екипите се должни да го испочитуваат договорениот термин за почеток на натпреварот.

**Член 13.**

На барање на екипите, Комесарот за натпреварување може да одобри промена на терминот, местото и времето за почеток на натпреварот, доколку натпреварите на екипите кои учествуваат на официјалните меѓународни натпревари (Европски купови, Балкански куп и сл.), Купот на ОФМ, репрезентативните селекции или првенствата во помладите категории, се совпаѓаат со термините од редовните кола на лигите. Првенствените натпревари на овие клубови ќе се играат во работен ден кој претходи на редовното коло или, со дозвола на Комесарот за натпреварување, **најдоцна до почетокот на следното коло или второ последователно коло.**

Во исклучителни ситуации (виша сила, прогласување епидемија и сл.), Комесарот за натпреварување може да донесе одлука заостанатиот натпревар од редовното коло да се одигра најдоцна до почетокот на **третото** последователно коло.

Ако заостанатиот натпрервар не се одигра согласно став 1 и 2 од овој член, натпреварот мора да се одигра најдоцна пред почетокот на МИНИ преоден рок (последните три кола од есенскиот дел од натпреварувањето).

**Член 14.**

Поради регуларност на натпреварувањето, Комесарот за натпреварување може да одреди некои натпревари од **последните две кола** од Првата лига – мажи и жени како и Втора лига –жени, да се играат во исти ден и во исто време.

**Член 15.**

**30 минути** пред почетокот на натпреварот, теренот мора да биде подготвен за одигрување на натпреварот.

Првиот судија и делегатот одлучуваат за подготвеноста на теренот на којшто треба да се одигра натпреварот. Во случај на виша сила, првиот судија и делегатот одлучуваат во која мерка пречките се од објективна причина и за времето на почеток на натпреварот.

**Член 16.**

Ако температурата во салата е пониска од 10 степени целзиусови (според регулативата за национални натпревари) или јачината на светлото е помала од 300 лукса**,** делегатот или првиот судија во улога на делегат, одобрува време од **15 минути** домаќинот да ги отстрани недостатоците и да создаде нормални услови за одигрување на натпреварот.

**Член 17.**

**Должности на Клубот-домаќин:**

- Пред да пристигнат двете екипи, службените лица, официјалните претставници и техничкиот персонал, сите оперативни простории во салата мора темелно да бидат исчистени и дезинфицирани;
- Да го истакне државното знаме на Република Северна Македонија;
- Да истакне банер со логото на генералниот спонзор на лигата, на спонзорот на Судиската организација или на Тренерската организација на ОФМ (доколку постои) ;
- Да организира редарска служба (најмалку **тројца** редари со видливи белези);

- Да обезбеди исправни топки **„MIKASA - V200W"** (со плаво-жолта боја), за загревање (една топка на двајца играчи);
- Да обезбеди **три** исправни топки **„MIKASA - V200W"** ,(со плаво-жолта боја), за одигрување на натпреварот;
- Да обезбеди најмалку **3 (тројца)** собирачи на топки;
- Да обезбеди најмалку **2 (двајца)** "брзи" бришачи на терен;
- Да обезбеди рачен семафор со броевите од **0 до 30** (без оглед дали во салата функционира електронски семафор);
- Да обезбеди меѓународен записник;
- Да постави маса и столчиња за службените лица на натпреварот;
- Да постави посебни клупи или столчиња за резервните играчи, тренери, лекар и физиотерапевт (**по 13** места за седење);
- Да обезбеди судиски стол со платформа;
- Да обезбеди две (односно четири) знаменца за линиските судии, висиномер со белези **2.24** за жени и **2.43** за мажи, манометар, пумпа, термометар и луксомер;
- Да обезбеди **официјален претставник на клубот**, којшто ќе биде на располагање на делегатот или на првиот судија за прашања за организација на натпреварот;
- Да обезбеди доволно количество на негазирана флаширана вода за екипите и службените лица;
- Да му овозможи на претставникот на гостинската екипа или на другите заинтересирани екипи снимање на натпреварот (место за камера и приклучок за електрична енергија);
- Да обезбеди одреден број корпи за отпадоци, кои што се затвораат, на поголемо растојание, каде што ќе се фрлаат марамчиња или останати материјали како што се фластери, завои и сл.
- Во паузата меѓу сетовите, да се собираат остатоците од потрошената вода, завои, марамчиња и други предмети, коишто ќе се фрлаат во пропишаните корпи за отпадок.

## Член 18.

**Клубот-домаќин е обврзан:**

а) Да обезбеди дежурен лекар (физиотерапевт) со задолжителна приручна аптека за овозможување прва помош;

б) Да го пријави натпреварот во Министерството за внатрешни работи (МВР - СВР).

Доколку не ги почитува обврските, клубот-домаќин ги презема сите законски последици.

## Член 19.

Доколку организаторот не ги заврши сите технички подготовки, делегатот или првиот судија на натпреварот ќе одобри време до **30 минути** за отстранување на согледаните пропусти.

Одлуката за неодигрување на натпреварот, како и причините за нејзино донесување, се внесуваат во записникот, којшто го потпишуваат првиот судија, делегатот и официјалните претставници на двете екипи (капитени).

## Член 20.

Пречките предизвикани од елементарни непогоди, оштетувања или уништување на инсталациите во салата од удар на гром или исклучување на електричната енергија

во поширокото подрачје, како и прогласување на епидемија од надлежниот орган на државата се сметаат за **ВИША СИЛА**.

## Член 21.

**Клубот-домаќин е должен:**

- Најдоцна еден час пред почетокот на натпреварот, на судискиот колегиум и на гостинската екипа, да им ги ставаат на располагање нормално загреаните соблекувални.
- По одиграниот натпревар да обезбеди посебна просторија за извршување административни работи врзани за натпреварот (земање изјави и сл.);
- Да обезбеди интернет конекција од кои, најдоцна 30 мин. по одиграниот натпревар, Делегатот или Првиот судија ќе доставаат целосна фотографија од записникот на натпреварот по **Viber**, на следниот мобилен: 070/272-210.

## Член 22.

Екипите кои се натпреваруваат во лигите на ОФМ, до канцеларијата на ОФМ задолжително треба да доставаат оригинална потврда од лекарски преглед (Спортска медицина или Физиологија).

Пред почетокот на натпреварите, екипите задолжително треба да му ги доставаат на проверка на делегатот (или на првиот судија во функција на делегат), ФЛ-01/03 образец (листа на одобрени играчи со натпреварувачки број-лиценца) издадени од страна на Комесарот за натпреварување на ОФМ, документ за лична идентификација (пасош, лична карта и сл.) и СЕ-01 – список на екипа.

На натпреварите од лигите на ОФМ можат да настапат играчи коишто се на листата на одобрени играчи и имаат важечки лекарски преглед не постар од **шест месеци**. Во случај играчот да нема натпреварувачки број (лиценца) и/или важечки лекарски преглед, **не му/и се дозволува настап на натпреварот.**

Во случај играчот да нема документ за лична идетификација, му/и се дозволува да настапи со одредување на идентитетот со друг документ (со фотографија) или лично препознавање. Потоа делегатот зема изјава од претставникот на клубот за причината за немање документ и гарантирање за негово постоење.

Клубот е должен во рок од **48 часа** до Комесарот за натпреварување да ги достави на увид документите коишто недостасуваат на почетокот на натпреварот.

## Член 23.

Настапот на тренерите и на статистичарите е условен со лиценцирање од страна на надлежното тело (Тренерска организација на ОФМ). Основен услов за лиценцирање на тренерите и на статистичарите е стекнување звање според нормативните акти на Тренерската организација на ОФМ.

Доколку тренерот или статистичарот нема лиценца, постапката е иста како и за играчите.

## Член 24.

Учеството на лекарите и на физиотерапевтите е условен со лиценцирање од страна на Комесарот за натпреварување. Основен услов за лиценцирање на лекарите е признавање звање според нормативните акти на Медицинската комисија на ОФМ. Основен услов за лиценцирање на физиотерапевтите е доставување валиден документ за вршење дејност физиотерапевт до Медицинската комисија на ОФМ.

Доколку лекарите и физиотерапевтите немаат лиценца, постапката е иста како и за играчите.

## Член 25.

Во текот на натпреварот на записничката маса седат делегатот, записничарот, ракувачот на рачен и на електронскиот семафор, претставникот на клубот-домаќин и дежурниот лекар, доколку поинаку не одреди делегатот.

Пристапот до теренот треба да биде ограничен само за службените лица коишто се стриктно неопходни за да може да се организара натпреварот.

Во текот на натпреварот на клупата за резервни играчи кај секоја екипа можат да седат единствено играчи коишто се пријавени само во записникот, првиот тренер, двајца помошници на тренерот, лекар и физиотерапевт. **Вкупниот број членови на стручниот штаб може да биде 5 (пет)**.

**Во сезона 2026/2027, клубовите од Прва лига-мажи и жени, задолжително во игра ќе мора да имаат еден играч помлад од 20 години, којшто ќе треба да одигра одреден број на сетови во текот на натпреварувачката сезона. Евиденција ќе се води преку Делегатот на натпреварот, а ќе биде забележана во Делегатскиот извештај .**

Услов за учество на статистичарот на натпреварот е неговата екипа да има барем еден тренер. Статистичарот **нема право** да седи на клупата за резервни играчи. Статистичарот може да седи во слободниот простор зад основната линија. Екипите од Првите лиги на ОФМ се должни да водат статистика (статистичкиот лист го изготвува ПТО на ОФМ), во два примерока, од коишто едниот се доставува до Канцеларијата на ОФМ, преку делегатот или првиот судија на натпреварот, а вториот останува за потребите на клубот.

**Член 26.**

За сите натпревари од Првата лига – мажи и жени и Втора лига-жени, во сите фази на натпреварување, како и Куп натпреварите, првиот, вториот судија и делегатот-контролор го одредува Комисијата за делегирање на СО на ОФМ, во соработка со Комесарот за натпреварување.

Записничарите и линиските судии ги делегираат надлежните матични судиски организации и тие мора да имаат положен судиски испит.

Секој клуб може да поднесе барање за изземање на најмногу **еден** судија и/или делегат. Клубот е должен да поднесе писмено барање со образложение до Комесарот за натпреварување на ОФМ, најдоцна **7 дена** пред почетокот на официјалното натпреварување во лигите (мажи и жени). Комесарот за натпреварување на ОФМ заедно со Претседателството на судиската организација на ОФМ ги разгледува поднесените барања и донесува конечни одлуки, по што писмено ги известува клубовите за донесените одлуки.

**Член 27.**

Опремата на играчите мора да одговара на барањата на меѓународните одбојкарски правила и сите играчи мора да имаат еднообразна опрема (освен "либерата").

Гостинската екипа (освен "либерата) е должна да настапи во дресови чија основна боја се разликува од основната боја на дресовите на домашната екипа.

**Член 28.**

Официјалното делегирање на првиот судија, вториот судија и на делегатот се објавува во Билтенот на ОФМ, а делегирањето на записничарите и на линиските судии го вршат територијално надлежните матични судиски организации.

Судиите се должни да му се пријават на делегатот најдоцна **1 (еден) час** пред закажаниот почеток на натпреварот, а треба да бидат на терен во комплетна опрема најдоцна **30 минути** пред закажаниот почеток на натпреварот.

Доколку одредениот прв судија не дојде на натпреварот, истиот ќе биде заменет од вториот судија, а вториот судија може да биде заменет од судија со најмалку ист ранг, соодветен на лигата, присутен во салата и тоа само со обострана согласност на екипите, која се констатира пред почетокот на натпреварот, со потпис на капитените во записникот. Предност при одредувањето на судиите за замена имаат судиите со повисок судиски ранг.

Доколку на натпреварот не дојде ниту еден од делегираните судии, истите можат да бидат заменети со двајца судии со најмалку ист ранг, соодветен на лигата, присутни во салата и тоа само со обострана согласност на екипите, којашто се констатира пред почетокот на натпреварот, со потпис на капитените во записникот.

Ако не се постигне согласност на екипите или нема можност за замена на едниот или на двајцата судии, ќе биде одреден нов термин за одигрување на натпреварот.

**Член 29.**

За организација и за одигрување на натпреварот се спроведува “**Протокол за натпревар“** за натпреварите од лигите на ОФМ.

**Член 30.**

Првиот судија на натпреварот ќе ги извршува сите должности на делегат, доколку нема делегирано делегат или делегираниот делегат не се појави на натпреварот, а тоа се констатира во записникот од страна на првиот судија.

**Член 31.**

По завршувањето на натпреварот, капитените на двете екипи **се должни** да го потпишат записникот.

Записникот се води во **три примероци**, од коишто оригиналот се доставува до Комесарот за натпреварување, а по една копија се дава на претставниците на двете екипи.

**Член 32.**

За натпреварот и за резултатот на натпреварот, за повреда на Пропозициите за натпреварување и на меѓународните одбојкарски правила, дозволен е Приговор.

Приговорот мора да биде најавен во записникот од одиграниот натпревар во вид на протест и образложен со основните мотиви. Приговорот може да го најави само капитенот на екипата којшто е во игра, во текот на натпреварот, а се однесува на предходно донесена спорна одлука на судискиот колегиум. Капитенот на екипата го најавува Приговорот до првиот судија којшто за ова е должен веднаш да го извести записничарот. Приговорот треба да се заведе веднаш по завршувањето на натпреварот, пред потпишувањето на записникот. Должност на делегатот е даземе писмени изјави од официјалните лица во врска со наведениот приговор.

**Член 33.**

Писменото образложение на Приговорот, потпишано од овластено лице на клубот (име и презиме, функција, потпис и печат) и потврдата за уплатена такса мора да се достават до Комесарот за натпреварување на ОФМ најдоцна **48 часа** по одиграниот натпревар. Доколку клубот се откаже од најавениот Приговор, должен е за тоа по електронска пошта да го извести Комесарот за натпреварување на ОФМ во рок од **24 часа** по одиграниот натпревар.

Приговорите коишто не ги исполнуваат наведените услови нема да влезат во постапка и ќе бидат отфрлени како неосновани.

**Член 34.**

Најава на Приговорите коишто се однесуваат на правото на настап на член на екипата, неисправност на теренот, температурата или на светлото во салата, се поднесуваат пред почетокот на натпреварот.

**Член 35.**

Комесарот за натпреварување на ОФМ донесува Решенија по Приговорите најдоцна **3 дена** од денот на приемот на Приговорите.

**Член 36.**

Против Решението на Комесарот за натпреварување на ОФМ може да се поднесе Жалба до Дисциплинска комисија на ОФМ, како второстепен орган, во рок од **3 (три) дена** од денот на приемот на Решението. Жалбата на второстепениот орган го одложува извршувањето на казната, освен во случај на суспензија.

Второстепеното решение по жалбата мора да биде донесено во рок од **5 (пет) дена** од денот на приемот на жалбата.

Второстепеното решение е конечно.

**Член 37.**

На официјалните лица на натпреварот им припаѓа единствена такса за извршената должност и за патни трошоци за патување кон местото на одигрување на натпреварот и враќање во постојаното место на живеење. Истото важи и за натпреварите кои од кои било причини се прекинати.

Доколку натпреварот не се одигра, на службените лица им припаѓа **50%** од пропишаната судиска такса и полна сума на патни трошоци од став 1 на овој член.

Службените лица се должни при доаѓањето на натпреварот да ја користат најкратката релација со воз, автобус или сопствен превоз.

Делегатот на натпреварот може да патува заедно со судискиот пар, а патните трошоци се исплаќаат на лицето кое вози.

Делегатот може да патува и самостојно само доколку не постои можност да патува заедно со делегираниот судиски пар, а за тоа клубот-домаќин на делегатот му исплаќа патни трошоци како што е пропишано за судискиот колегиум.

Службените лица имаат право да користат сопствен превоз (тур-ретур). Тогаш ќе им се признава надомест од **12 литри** супер гориво на секои 100 км (**по формула: километри x 12 : 100 x 1 л гориво**) додавајќи ја и патарината, но максимално 50 литри гориво, со тоа што треба да патуваат најмалку две лица со едно возило.

Во случај делегираниот судија да се задржи на натпреварот по терминот кој му обезбедува непречено враќање со редовен градски превоз, клубот-домаќин е должен да му обезбеди ноќевање со појадок во хотел од “Б“ категорија и патни трошоци како што е предвидено со став 4 од овој член.

Трошоците на “Посебните набљудувачи“ се на товар на Фондот за заеднички трошоци на Првите лиги на ОФМ.

**Член 38.**

Таксите за судискиот колегиум се плаќаат на трансакциони сметки најдоцна **24 часа** пред натпреварот. Таксите за судиските колегиуми на натпреварите од лигите на ОФМ **ги плаќаат клубовите-домаќини**, а за клубовите коишто имаат уплатено комплетни трошоци за натпреварувачката сезона (без патни трошоци) **Канцеларијата на ОФМ**.

Патните трошоци на службените лица им ги плаќа клубот-домаќин во готово, врз основа на поднесените Признаници, најдоцна **1 час** пред почетокот на натпреварот. Клубот што нема да го стори тоа, по автоматизам се суспендира и санкционира за неизвршените обврски според овие Пропозиции за натпреварување, за што одлука донесува Комесарот за натпреварување на ОФМ.

**Член 39.**

Екипите-домаќини во сениорските лиги на ОФМ се должни да ги снимаат натпреварите и да водат статистика. Во спротивно жалбите, коишто се однесуваат на судењето, ќе бидат отфрлени како неосновани и ќе бидат преземени казнени мерки.

**Член 40.**

Од уплатата на екипите-учесници во натпреварувањата, се формира **Фонд на зеднички трошоци**, кој служи за покривање на:

- Трошоци за организација на седниците на Комесарот за натпреварување со претставниците на екипите од лигите и другите тела на лигите;
- Трошоци за “Посебните набљудувачи“ на одредени натпревари заради заштита на регуларноста на натпреварувањето;
- Трошоци за телефонија и сите други поштенски услуги;

- Трошоци за користење интернет конекција, канцелариски материјал, сметководствени услуги, за сите активности и потреби во функција на натпреварувањето;
- Паричен надомест за Комесарот за натпреварување и лицата кои извршуваат административно-технички работи за потребите на натпреварувањето;
- Набавка на:
  - Медали, пехари и нивно гравирање;
  - Дипломи и признанија.
- Другите трошоци за натпреварувањата во лигите на ОФМ.

**Член 41.**

Комесарот за натпреварување на ОФМ спроведува постапка, изрекува суспензии, мандатни казни за прекршоци во натпреварувањето и повреда на одредбите на овие Пропозиции за натпреварување.

**Член 42.**

Прекршоците коишто се во спротивност со Правилникот за натпреварување и другите прописи и правилници на ОФМ, или, пак, не се опфатени со овие Пропозиции за натпреварување, подлежат на дисциплинска одговорност, според Дисциплинскиот правилник на ОФМ.

Комесарот за натпреварување на ОФМ собира потребни докази и поднесува Барање за поведување постапки, коишто ги води Дисциплинска комисија на ОФМ.

**Член 43.**

Учесник во натпреварувањето, исклучен до крајот на натпреварот, автоматски е суспендиран и казнет со забрана за настап на следниот натпревар од лигите, со предвидена парична казна за клубот за изречената санкција.

**Член 44.**

Клубот, којшто од неоправдани причини не настапи на **3 (три) натпревари**, се исклучува од натамошното натпреварување.

**Член 45.**

Во одбојкарските лиги, една личност, може да има **само една** лиценца издадена од ОФМ, во текот на една натпреварувачка сезона, освен во случај на издадена двојна лиценца за играч, согласно член 44 од Правилникот за натпреварување на ОФМ.

**Еден лиценциран тренер има право да води/застапува, само еден клуб во текот на една натпреварувачка сезона.**

**Член 46.**

Одредбите од Правилникот за натпреварување на ОФМ, Правилникот за регистрација на клубови-членови и играчи на ОФМ, Дисциплинскиот правилник на ОФМ и другите нормативни акти и одлуки на ОФМ, ќе се применуваат за сите прашања коишто не се регулирани со овие Пропозиции.

**Член 47.**

Како составен дел на овие Пропозиции се:

- Анексот на пропозициите за натпреварување во Првата лига - мажи и жени и Втора лига –жени за натпреварувачката 2025/2026 година;
- Упатството за организација на натпреварите во лигите на ОФМ;
- Протоколот за натпреварување во лигите на ОФМ;
- Упатството за работа на делегатите-контролори во Првите лиги на ОФМ;
- Листата на судии, делегати и делегати-контролори во лигите на ОФМ за натпреварувачката 2025/2026 година.

**Член 48.**

Толкување на овие Пропозиции за натпреварување дава Комесарот за натпреварување на ОФМ.

**Член 49.**

Овие Пропозиции за натпреварување во лигите на ОФМ за натпреварувачката 2025/2026 година стапуваат во сила со денот на усвојување од Извршниот одбор на ОФМ и важат до завршувањето на сезоната 2025/2026, односно до усвојувањето на Пропозициите за натпреварување на ОФМ за натпреварувачката 2026/2027 година.

Скопје, 15.09.2025 година

Сања Никчевиќ с.р.
Комесар за натпреварување